# IX. Други активности на Народна банка на Република Македонија

## 9.1. Печатење и ковање на пари

Во Република Македонија во оптек се банкноти во апоени од 10, 50, 100, 500, 1000 и 5000 денари. Во 2000 година е извршено печатење на 16 милиони парчиња банкноти во апоени од 100 денари.

Банкнотите кои сега се во оптек се изработени на високо квалитетна хартија и се заштитени со повеќе елементи, и тоа: интаглио печат, оптички варијабилна боја, заштитна нишка, воден знак и друго.

Во 2000 година е искована серија од 1000 комплети во злато и сребро "2000 години од почетокот на Христијанството". Со истиот дизајн се исковани 3 милиони парчиња монети од 1 денар, кои се пуштени во промет. Составот на легурата е ист како и кај редовните монети.

## 9.2. Кадровска политика

Во 2000 година НБРМ продолжи систематски и интензивно да работи на понатамошно стручно усовршување на својот кадровски потенцијал. Имено, неопходен предуслов за успешна реализација на законските обврски и задачи е располагањето со стручен кадар.

Во текот на 2000 година, вработените во НБРМ учествуваа на голем број семинари и курсеви во организација на следните Институти и Централни банки: семинари на Институтот на ММФ, кои се одржуваат во Вашингтон, САД; семинари на Здружениот Виенски Институт, кои ги организира ММФ, Светската банка; ЕБОР; МБОР; ОЕЦД и СТО, а се одржуваат во Виена, Австрија; семинари на Централната банка на Швајцарија, во организација на Студискиот центар во Герцензе, во Швајцарија; семинари на Централната банка на Холандија, кои се одржуваат во Амстердам; семинари на Централната банка на Германија, кои се одржуваат во Франкфурт; семинари на Централната банка на Франција, во организација на Меѓународниот институт за банкарство и финансии, кои се одржуваат во Париз; семинари на Централната банка на Англија, во организација на Центарот за централно-банкарски студии, што се одржуваат во Лондон и др.

Покрај стручното усовршување на постојниот кадар, НБРМ изврши и негово доекипирање. Така, во 2000 година во НБРМ се вработија 32 лица. Од тоа, 26 со висока стручна спрема (19 економисти, 3 електротехнички инженери, 2 правници, 1 филолог и 1 филозоф) и 6 со средна стручна спрема.

## 9.3. Внатрешна контрола (ревизија)

Во современите услови на динамични промени и глобализација на економските активности, функцијата на внатрешната ревизија станува сé позначајна. Имено, развојот и либерализацијата на финансиските пазари создаваат нови можности, но истовремено и нови ризици во работењето. Заради тоа, во меѓународни рамки сé поинтензивно се нагласува улогата и значењето на внатрешната ревизија, како битен елемент на корпоративното управување.

Во сегашната фаза од развојот, внатрешната ревизија доживува трансформација од функција со примарна цел испитување на усогласеноста на работењето со пропишаните законски и други прописи и регулатива, во независна, објективна и консултативна функција на оценување и испитување на системите на внатрешна контрола во организационите целини, со крајна цел да овозможи поефикасно управување.

Активностите на Внатрешната ревизија на Народна банка на Република Македонија во текот на 2000 година беа насочени кон утврдување на современите барања кои се поставуваат пред оваа функција и изградување на целите и пристапот кон работата. Притоа, од особено значење беше започнувањето на проектот за техничка помош со Холандската централна банка.

Во рамките на предвидената програма со овој проект, внатрешната ревизија во НБРМ во 2000 година се стекна со најактуелните сознанија за принципите и техниките на ревизорското работење, како и функционирањето и неопходноста за имплементирање на светските стандарди на интерните контролни системи (пред сé COSO системот како светски најприфатен и сеопфатен модел). За оваа цел се одржа и еднонеделен курс, наменет за менаџментот од сите дирекции во НБРМ. Во соработка со стручните тимови од одделните дирекции, Внатрешната ревизија ги утврди основните техники и направи анализи за процесите (текстуални и графички), ги идентификуваше ризиците кои се својствени во работењето на централните банки и изврши проценка за степенот на нивното влијание во одделните средини. Врз основа на утврдените состојби се изготви ревизорска програма.

Во рамките на овие активности беа избрани седум процеси во НБРМ кои беа оценети како процеси со најголеми и најбројни потенцијални ризици. За нив се изврши анализа и беа утврдени контролните процедури кои се однесуваат на овие ризици. Тоа се најзначајните процеси во Дирекцијата за девизни резерви и операции на девизен пазар и во Дирекцијата за централно-банкарски операции, како и процесите во Дирекцијата за сметководствено - финансиско работење, Дирекцијата за трезорски работи, Центарот за информатика (АОП) и Дирекцијата за административно-технички работи.

Во 2000 година, според планот за работа, се извршија две редовни ревизии во Дирекцијата за девизни резерви и Дирекцијата за финансиско- сметководствени работи. Овие ревизии беа од генерален карактер со цел да се идентификуваат основните интерни контролни процедури, и тоа како од аспект на постоење на пишани процедури за работа и организациската поставеност на дирекциите (раздвојување на функциите), така и од аспект на поединечната распределба на задолженијата. Констатациите и препораките за подобрување на контролните мерки беа усогласени и потврдени од страна на менаџментот на овие дирекции и беше договорен план за нивно реализирање.